ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 29-205/11**

**Дата: 15.08.2013**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа за 2012 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за оваа сметка на Министерството за локална самоуправа за 2009 година, во кој, за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со закони и прописи е издадено негативно мислење. Утврдено е дека најголем дел од препораките се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи е изразено мислење без резерва, а за усогласеност со закони и прописи за 2012 година изразено е негативно мислење.
Приходите на оваа сметка на Министерството се остварени, во најголем дел од наплата на тендерска документација во изминатите години. Во 2012 година приходите изнесуваат 262 илјади денари, од кои 253 илјади денари се пренесени приходи од претходната година. Во 2012 година се наплатени осум илјади денари како надомест на штета на возило од осигурителна компанија.
Министерството за локална самоуправа за 2012 година од оваа сметка платило трошоци во износ од 225 илјади денари за набавка на мебел и опрема.
Со ревизијата е утврдено дека се вршат плаќања по некомплетна документација, кое е резултат на невоспоставените интерни контроли во Министерството.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа за 2009 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа под 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Невзат Бејта – министер во Министерството за локална самоуправа во 2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за локална самоуправа се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во деновите 06.05. и 07.05.2013 во Министерството за локална самоуправа од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година.
Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година.
При тоа е утврдено дека три препораки се спроведени и една делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 15.05.2013 година и на 27.05.2013 година со одговорното лице за периодот на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29 -205/4 од 24.06.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Извршени се плаќања во износ од 62 илјади денари, по фактури без поткрепувачка документација и без потврда за приемот на набавената опрема. Ваквиот начин на работење не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој евидентирањето во сметководството се врши на основа веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.
Ваквиот начин на работење се должи на невоспоставените интерни контроли и создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака:**
Сметководствената евиденција и плаќањата да се вршат врз основа на веродостојна, уредна и комплетна сметководствена документација.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските

активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) на Министерството за локална самоуправа, не се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 06.08. 2013 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 8 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 253 | 502 |
| **Вкупно приходи** | | **261** | **502** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | | 0 | 71 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **0** | **71** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2. | 225 | 178 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **225** | **178** |
| **Вкупно расходи** | | **225** | **249** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **36** | **253** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 36 | 253 |
| **Вкупно тековни средства** | | **36** | **253** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **36** | **253** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 36 | 253 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **36** | **253** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **36** | **253** |